Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-633/5

18-11-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-633/1 од 24.09.2024 година, поднесена од [redacted]а извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик во областа на пристапот до добра и услуги во правосудството и управата, од страна на Министерство за внатрешни работи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА** по претставка број 08-633/1 од 24.09.2024 година, поднесена од [redacted] **поради повлекување на претставката од страна на подносителот.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 24.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: **Комисијата**) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на Теодор Тасевски, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик во областа на пристапот до добра и услуги во правосудството и управата, од страна на Министерство за внатрешни работи (понатаму: **МВР**).

Во поднесената претставка се наведува дека на 08.08.2024 година во 8:15 часот, на локација МРТ – кабина 8. подносителот имал закажано сликање за обнова на лична карта. Во Барањето за лична карта, подносителот имал наведено дека бара личната карта да му биде издадена на три јазици, поточно на македонски, англиски и босански јазик. Поднесувањето на барањето и сликањето поминале регуларно, а вработеното лице во МВР кое го проследило барањето немало никакви прашања ниту коментари. Откако подносителот на 19.09.2024 година ја подигнал новата лична карта од полициската станица „Пролет", увидел дека истата му била издадена само на македонски и англиски јазик, но не и на босански, како што побарал.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Со оглед на изнесеното, а врз основа на член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 04.10.2024 година, Комисијата испрати Барање број 08-633/2 за произнесување по наводите во претставката до Министерството за внатрешни работи.

Во меѓувреме, на ден 07.11.2024 година до Комисијата по електронски пат пристигна Поднесок со архивски број 08-633/4 насловен како Изјава, во која подносителот на претставката изјавува дека претставката поднесена до Комисијата ја повлекува од причина што правната работа на која се однесува е завршена согласно неговото барање.

Врз основа на гореизнесеното, а во согласност со член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) со кој е утврдено дека: ***„Комисијата носи заклучок за неповедување или запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето",*** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
11.11.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Министерство за внатрешни работи, ул. „Димче Мирчев", бр. 9, Скопје
- [redacted]
- Архива на КСЗД